Република Македонија
**Државна комисија за спречување на корупцијата**

ул Даме Груев бр.1, 1000, Скопје
тел: 02/ 32 15 377
факс: 02/ 32 15 380
E-mail: dksk@dksk.org.mk

MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1091/0

Бр. 12 - 8357/8
20-12-2017 год.

Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно со член 51 од Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија", бр. 28/02, 46/04, 126/06, 10/08, 161/08,145/10, 97/2015 и 148/2015) и член 37 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, а во врска со член 74 став (1) и (2) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14 ,196/2015 и 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) на 238-ата седница одржана на ден 19.12.2017 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Приговорот поднесен од лицето Снежана Тодоровска од Битола и други - сите наставници во ОУ "Д-р Трифун Пановски" – Битола, кај Државната комисија за спречување на корупцијата заведен под архивски број 12 – 8357/1 од 27.10.2017 година, против Основното училиште "Д-р Трифун Пановски" – Битола, за непочитување на одредбата од членот 8-а од Изборниот законик, односно и на член 16-а од Законот за спречување на корупцијата - сторено на ден 27.09.2017 година, после денот на донесување на одлуката за распишување на избори за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје - со организирање и спроведување на избори на членови на Училишниот одбор на ОУ "Д-р Трифун Пановски" – Битола СЕ ОДБИВА.
2. Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за преземање на понатамошни мерки согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и за понатамошно постапување по предметот број 12 – 8357/1 од 27.10.2017 година.
3. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.
4. Одлуката донесена во врска со постапувањето на Државната комисија за спречување на корупцијата по овој поднесен приговор ќе се објави на нејзината веб страница во рок од 24 часа, а истата ќе се достави и до подносителот на приговорот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Државната комисија за спречување на корупцијата, од подносителот Снежана Тодоровска од Битола и други - сите наставници во ОУ "Д-р Трифун Пановски" – Битола - поднесен е Приговор за непочитување на одредбата од членот 8-а од Изборниот законик, односно и на член 16-а од Законот за спречување на корупцијата, против Основното училиште "Д-р Трифун Пановски" – Битола по основ на организирање и спроведување на избори на членови на Училишниот одбор на ОУ "Д-р Трифун Пановски"Битола - во периодот сметано од денот на донесување на одлуката за распишување на избори за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје.

Со приговорот, подносителот приговара против спроведувањето на избори на членови на Училишниот одбор на ОУ "Д-р Трифун Пановски" – Битола во време на изборен период.

Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), во рокот предвиден во член 74 став (1) од Изборниот законик, постапи по поднесениот приговор - го разгледа на 232-ата јавна

седница која се одржа на ден 01.11.2017 година и при тоа донесе заклучок според кој наводите од приговорот, заведен под архивски број 12-8357/1 од 27.10.2017 година, се основани и ДКСК продолжува со испитувањето на наводите од приговорот заради прибирање на информации од надлежни институции неопходни за утврдување на фактичката состојба.

Последователно, во функција на испитување на наводите од приговорот и заради утврдување на целосна фактичка состојба во предметниот случај, до ОУ "Д-р Трифун Пановски" – Битола , во два наврати беа доставени писмени барања - бр. 12- 8357/4 од 07.11.2017 година и бр. 12-8357/6 од 29.11.2017 година, по однос на предметниот случај за целосни податоци и известувања, како и за достава на комплет списи од постапувањето на Училиштето поврзано со организирањето и спроведувањето на избори на членови на Училишниот одбор на ова ОУ, како и достава и на друга документација која ќе послужи во функција на постапување на Државната комисија и на утврдување на целосна и правилна фактичка состојба.

Во врска со доставените - погоре наведени барања, кај Државната комисија за спречување на корупцијата се примени Одговор на барање бр. 12-8357/5 од 16.11.2017 година ( 03-302/2 од 13.11.2017 година и Одговор на барање бр. 12-8357/7 од 07.12.2017 година ( 03-335/2 од 05.12.2017 година со прилог документација, со кое(и) Државната комисија се известува дека изборот на членови на Училишниот одбор на ова ОУ одржан на ден 27.09.2017 година е поништен за кое е донесена Одлука на Наставничкиот совет бр. 02-294/3 од 02.11.2017 година – за поништување на одлуката за избор на членови во Училишниот одбор од редот на наставниците и стручните соработници, а дека нов избор на членови во Училишниот одбор на ова ОУ е спроведен по завршување на изборниот процес, на ден 31.10.2017 година и за истото е донесена Одлука за избор на членови во Училишниот одбор бр. 02-294/2 од 02.11.2017 година.

По прием на бараните информации и произнесување од Училиштето вклучително и доставените списи за целината на случајот, Државната комисија за спречување на корупцијата ги разгледа истите во контекст на наводите од поднесениот приговор.

Од содржината на наведените одговори на барања и доставените прилог списи се констатира дека наводите од приговорот, заведен под архивски број 12-8357/1 од 27.10.2017 година, се основани, но дека Основното училиште "Д-р Трифун Пановски" – Битола, во своето понатамошно постапување ги отстранило сторените повреди.

Оттаму, врз основа на испитувањето на наводите од поднесениот приговор за непочитување на одредбите од членот 8-а од Изборниот законик, односно и од член 16-а од Законот за спречување на корупцијата и на сите расположиви информации и списи за предметниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата заклучи да се донесе Одлука, како во диспозитивот.

Правна поука:

Против Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, подносителот на приговорот има право на тужба до Управниот суд во рок од 24 часа од приемот на Одлуката.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**д-р Игор Тантуровски**

Доставено до :

- Архива
- Подносителот